**Известување за концентрација со којаЦЦ Беверицес Холдингс II Б.В. Холандија ќе стекне контрола над Браун-Форман Финланд Оу, Финска (предмет бр. 08-112/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 28.07.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која**ЦЦ Беверицес Холдингс II Б.В. (CC Beverages Holdings II B.V.),** друштво со ограничена одговорност во приватна сопственост, со регистрирано седиште на Радарвег 60, 1043 НТ, Амстердам, Холандија, *има намера да стекне самостојна контрола над***Браун-Форман Финланд Оу (Brown-Forman Finland Oy),** друштво организирано и постоечко согласно законите на Финска,со регистрирано седиште на Порккаланкату 24, 00180 Хелсинки, Финска, по пат на договор за купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ЦЦ Беверицес Холдингс II Б.В.** ехолдинг друштво, чија регистрирана дејност е дејности на холдинг друштва.

**ЦЦ Беверицес Холдингс II Б.В** е зависно друштво на Кока-Кола Хеленик Боттлинг Компани АГ (Coca-Cola Hellenic Bottling Company AG) (“**Кока-Кола ХБК**”). Кока-Кола ХБК е овластен флашувач на Кока-Кока Компани (The Coca-Cola Company) која произведува, пласира и продава пијалоци со брендот Кока-Кола и други пијалоци во Евроазија и Африка.

Кока-Кола ХБК има 50% учество во едно друштво во Северна Македонија -Трговско друштво за пиво, слад, оцет, алкохолни и безалкохолни пијалаци ПИВАРА СКОПЈЕ АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. 808 бр. 12, Скопје – Гази Баба кое произведува, дистрибуира и продава различни категории и брендови на алкохолни и безалкохолни пијалоци на територијата на Северна Македонија, кои се состојат главно од газирани и негазирани пијалоци, пиво, вода и енергетски пијалоци.

**Браун-Форман Финланд Оу** произведува и дистрибуира вотка под брендот „Finlandia“.

Браун-Форман Финланд Оунема поврзани друштва регистрирани во Северна Македонија.

Подносителот на известувањето смета дека за целите на оценка на концентрацијата, како релевантен пазар може да се дефинира пазарот на производство и дистрибуција на вотка, додека релевантниот географски пазар е територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

07.08.2023 година
Скопје